


# Извештаи за извршената обука во болницата во Tokuda-Sofija

- Тема: Прифаќање и проценка на недоносено дете

Ментор: Проф. Д-р Масларска

Д-р Лилјана Христоска, специјалист педијатар
ЈЗУ Општа болница - Прилеп

Обуката започна на 16.03.2015 во неонатолошкото одделение и траеше до 09.04.2015 г. Вработени се 8 лекари од кои 6 специалисти-неонатолози, 2 специјализанти, 14 медицински сестри. Ова родилиште е со околу 1200 раѓања годишно.

Работата се состои во згрижување, нега и терапија во:

- Физиолошки дел-рооминг ин, каде се сместени новородените во општа добра состојба заедно со мајките
- Делот за интезивна нега и терапија  каде се сместени прематурните, асфиктичните, новородени со респираторен дистрес синдром, со инфекција и сите други на кои им е потребна инфузиона,антибиотска и кислородна терапија. Во овој оддел беа примани и новородени на кои им е потребна ИНТ од други родилишта во Софија.

На секое раѓање, спонтано или по оперативен пат присуствуваше педијатар и педијатриска сестра. Секое новородено беше прегледано, згрижено и 2 часа поставено на монитор, а новородените со проблем сместени во оддел за ИНТ.







Прематурните новородени(новородени пред 37ма гестациска недела) кои имаат проблем со адаптацијата, потешкотии со дишењето беа третирани во одделот за ИНТ. Кај сите беа реализирани следните испитувања: ПКС, АБС, ЦРП, хемокултура ,брисеви од уво и нос, по потреба и рентгенграфија.

Прематурните па и другите новородени со проблем беа третирани: инфузиона терапија, антибиотска терапија(секогаш по добиени резултати од крвна слика и ЦРП), коригирани внатрешна средина и по потреба кислордна терапија(дифузно со маска на респиратор).







На одделот д-р Масларска третира по конзервативен пат хемангиоми со пропранолол по протокол.

Во тек на последната недела започна терапија на хемангиом кај 2-годишно машко дете(хемангиом во аксила). Со добар успех бил истретиран хемангиом на лице и усни кај дете од Македонија.